РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА
ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2011 ГОДИНА

*** Извештајот е изготвен согласно член 109 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10 и 23/11) со кој е утврдена обврска Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен финансиски извештај со завршна сметка за претходната година до Собранието на Република Македонија за добивање согласност.**

Скопје
март 2012 година

## ВОВЕД

Финансирањето на Агенцијата за регулирање на желазничкиот сектор е дефинирано со Законот за железничкиот систем.

Активностите на Агенцијата дефинирани со Годишната програма за работа и развој на за 2011 година беа реализирани со средства утврдени согласно Годишниот финансиски план. Динамиката на активностите во текот на годината беше усогласувана со приливот на средства од транспортната и инфраструктурната компанија.

Со оглед дека двете железнички компании не ги подмируваа своите финансиски обврски кон Агенцијата согласно законски предвидените рокови, дел од активностите на Агенцијата предвидени со Годишната програма за работа и развој за 2011 година беа пролонгирани, а дел беа пренесени како активности за следната година.

Динамиката на реализирани приходи и расходи за 2011 година е следната:

## А. РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ

Агенцијата согласно Законот за железничкиот систем има право на наплата на годишна такса од 1,5 % од остварениот годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура, врз основа на што наплатени/добиени се средства во вкупен износ од 6.800.201,00 денари.

Врз основа на претходно изнесеното, годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2011 година беше утврдена и беа доставени решенија за наплата во износ од 7.264.294,00 денари. Од овој износ 30%, односно 2.179.288,00 денари беше фактурурано на ЈПМЖ Инфраструктура, а 70%, односно 5.085.006,00 денари беше фактурирано на МЖ Транспорт АД Скопје. Овие износи согласно Законот за железничкиот систем требаше да бидат уплатени на сметката на Агенцијата до 30 Септември 2011 година и заклучно со 31.12.2011 година од ЈПМЖ Инфраструктура Скопје беше наплатен целиот побаруван износ, додека од МЖ Транспорт АД Скопје беа наплатени 1.733.754,00 денари, така што вкупно врз основа на годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2011 година беа наплатени 3.913.042,00 денари.

Останатите средства во вкупен износ од 3.351.252,00 денари, се пренесуваат како планиран приход во наредната година и истите се очекува да бидат наплатени во текот на 2012 година. Освен овие средства кои Агенцијата ги наплати согласно Законот за железничкиот систем во вкупен износ од 3.913.042,00 денари по основ годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2011 година, Агенцијата исто така имаше

приход по основ заостанат годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура од 2010 година во износ од 2.866.246,00 денари.

Дополнителни приходи Агенцијата имаше по основ на пренос на средства од минатата 2010 година во износ од 20.689,00 приход од камати 224,00 денари.

## Б. РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ

Вкупно реализираните расходи на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2011 година изнесуваат 5.245.790,00 денари, а планираните расходи изнесуваа 9.704.000,00 денари.

Во 2011 година беше остварен вишок на средства од 1.554.411,00, поради доцната уплата на средства до железничките компании (месец декември) и неможноста за реализација во согласност со законските прописи и рокови. Овие средства се пренесуваат како средства за користење во наредната 2012 година.

### РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Во оваа ставка беа предвидени средства за набавка на материјали неопходни за нормално извршување на работните задачи од страна на вработените во Агенцијата и тоа за канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените (домашна и странска литература), средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, алат, административни материјали, вода, комунални такси и други материјали со вкупна вредност од 495.000,00 денари, а во текот на 2011 година се реализираа 133.505,00 денари.

### РАСХОДНА СТАВКА 401 – ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА

Во оваа ставка беа предвидени вкупно 120.000,00 денари за подмирување на трошоците за потрошена електрична енергија, но се реализираа вкупно 67.657,00 денари.

### РАСХОДНА СТАВКА 402 – ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Со оваа расходна ставка се планираа средства за тековно одржување на деловниот простор (мајсторски работи) во вкупен износ од 100.000,00 денари, а во текот на 2011 година беа реализирани вкупно 47.949,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ

Планираните средства за оваа категорија на расходи изнесуваа 745.000,00 денари и истите беа наменети за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поштенски услуги, фиксна и мобилна телефонија, интернет пристап, услуги за копирање, печатење, претплата за службен весник, комплетно брендирање на Агенцијата и за други услуги. Вкупно реализираните средства за оваа ставка за 2011 година изнесуваа 350.631,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ

Со оглед дека Агенцијата не располага со службено возило, со Годишниот финансиски план на Агенцијата за 2011 година се планираа средства за превозно-транспортни услуги за потребите на вработените, при извршување на своите работни задачи во вкупен износ од 20.000,00 денари, а реализирани беа само 6.535,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

За реклама, пропаганда и репрезентација беа планирани 90.000,00 денари, во која се вкалкулирани трошоци за реклама, пропаганда, репрезентација, прехрамбени продукти, пијалоци и сл, а беа реализирани 26.898,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 409 - ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ

Планираните средства за оваа расходна ставка се предвидуваа да бидат искористени за изработка на службени легитимации, визит карти на вработените на Агенцијата, како и за други материјални расходи потребни за извршување на работните задачи. Средствата кои се предвидуваа во рамките на оваа ставка изнесуваат 40.000,00 денари, додека пак во 2011 година не беа реализирани средства за овие намени.

РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Планираните средства од оваа расходна категорија изнесуваа 30.000,00 денари, а се однесуваат на провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи, додека во текот на 2011 година беа реализирани вкупно 17.414,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

За оваа расходна ставка беа планирана средства во износ од 30.000,00 денари, но во текот на 2011 година не беа реализирани средства за оваа намена.

РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

Планираниот износ на оваа расходна ставка беше 600.000,00 денари, на кој износ беа проценети патните, хотелските и дневните расходи во земјата и странство. Овие службени патувања беа потребни за учество на состаноци на работни групи на регулаторните тела од ЕУ од областа на железниците, конференции на регулаторните тела од ЕУ, присуство на семинари, саеми од областа на железниците, соработка со регулаторните тела од ЕУ и соседните земји со цел размена на искуства и сл. Во рамките на оваа ставка беа реализирани вкупно 586.237,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ

За оваа расходна ставка, односно за надоместоци на трошоци на работниците за користење на сопствено возило за службени цели и останати трошоци предвидени со закон, за 2012 година беа реализирани вкупно 49.922,00 денари, а беа планирани 50.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 415 – НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ

Планираниот износ на оваа расходна категорија изнесуваа 10.000,00 денари, а реализирани беа 526,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГ И УСЛУГИ

Планираните расходи за интелектуални и други услуги за 2011 година пеа поставени во износ од 2.614.000,00 денари, а беа реализирани во износ од 741.808,00 денари и истите беа користени за:

- Користење на консултантски услуги од областа на анализа на пазарот за железничкиот сектор;
- Надоместоци по основ на нето примања и патни трошоци на претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;

- Здравствени прегледи на вработените, ревизорски и други видови на услуги.

РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ

Со оваа расходна ставка се предвидуваа средства за објава на огласи, тендери во домашни и меѓународни списанија, судски такси, трошоци за аконтации за данок на непризнаени расходи и сл. и за истата се предвиде средства во износ од 130.000,00 денари, а се реализираа вкупно 17.854,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА

Во рамките на оваа ставка беа планирани вкупно 300.000,00 денари, со кои се предвидуваше замена на дел од старите прозорци со нови, но овие средства воопшто не беа искористени.

РАСХОДНА СТАВКА 441 – ОПРЕМА

Во текот на 2011 година Агенцијата имаше потреба од доопремување со канцелариски мебел, информатичка и друга опрема, за што беа планирани да се потрошат 690.000,00 денари, но се реализираа само 327.482,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 460 - ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ

Со оваа ставка беа планирани средства за исплата на нето плати и придонеси од плати за 6 вработени. Предвидениот износ за оваа ставка изнесуваше 3.500.000,00 денари, во кој покрај платите за 4-те тековно вработени лица, беа планирани дополнителни 2 (две) нови вработувања во втората половина на годината. Дополнителните 2 (две) нови вработувања не беа реализирани и вкупно реализираните средства по оваа ставка изнесуваа 2.801.156,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 470 - ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ

Планираниот износ за оваа расходна ставка изнесуваше 140.000,00 денари, кои се однесуваа за персонален данок на доход за надоместоци за Управниот одбор на Агенцијата, и беа реализирани вкупно 61.216,00 денари.

Прилог кон годишниот финансиски извештај за 2011 година:

- Табеларен приказ на планирани и реализирани приходи и расходи за 2011 година;
- Споредбен табеларен приказ на реализирани приходи и расходи за 2010 и 2011 година;
- Биланс на состојба за период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година;
- Биланс на приходи и расходи за период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година
- Даночен биланс за период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година;
- Образец ДЕ - Посебни податоци за државна евиденција за непрофитни организации;
- Белешка за распоредување на резултатот за период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година;
- Структура на приходи по дејности за период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година

Агенција за регулирање
на железничкиот сектор
Директор

Никола Димитровски

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ЗА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 ГОДИНА

### ПРИЛОГ – ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

1. ПРИХОДИ

| Приходна ставка | Планиран износ | Реализиран износ |
|---|---|---|
| Годишна такса за регулирање на пазарот на жел.услуги | 9.704.000,00 | 6.779.288,00 |
| Други приходи | / | 20.913,00 |
| ВКУПНИ ПРИХОДИ | 9.704.000,00 | 6.800.201,00 |

2. РАСХОДИ

| Расходна ставка | | Планиран износ | Реализиран износ |
|---|---|---|---|
| 400 | ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ | 495.000,00 | 133.505,00 |
| 40001 | Потрошена вода и канализација | 40.000,00 | 15.533,00 |
| 40002 | Списанија, весници и др.изданија | 90.000,00 | 37.349,00 |
| 40003 | Стручна литература | 130.000,00 | 0,00 |
| 40004 | Канцелариски материјали | 90.000,00 | 51.250,00 |
| 40005 | Средства за хигиена | 30.000,00 | 13.481,00 |
| 40006 | Ситен инвентар | 55.000,00 | 6.312,00 |
| 40007 | Други административни материјали | 30.000,00 | 6.748,00 |
| 40090 | Други материјали - останато | 30.000,00 | 2.832,00 |
| 401 | ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА | 120.000,00 | 77.657,00 |
| 40100 | Потрошена електрична енергија | 120.000,00 | 77.657,00 |
| 402 | ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА | 100.000,00 | 47.949,00 |
| 40200 | Одржување на деловен простор | 100.000,00 | 47.949,00 |
| 403 | ДРУГИ УСЛУГИ | 745.000,00 | 350.631,00 |
| 40301 | Телефон, факс и интернет | 250.000,00 | 172.246,00 |
| 40305 | Поштенски услуги | 30.000,00 | 13.324,00 |
| 40306 | Фотокопирни услуги | 45.000,00 | 7.290,00 |
| 40307 | Услуги за одржување на хигиена | 120.000,00 | 98.648,00 |
| 40309 | Претплата за службен весник | 15.000,00 | 13.200,00 |
| 40311 | Сервис и одржување на софтвер за сметководство | 25.000,00 | 21.240,00 |
| 40312 | Поправка и одржување на опрема | 100.000,00 | 0,00 |
| 40313 | Услуги за брендирање на Агенцијата | 100.000,00 | 0,00 |
| 40390 | Други услуги | 60.000,00 | 24.683,00 |
| 404 | ПРЕВОЗНО-ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 20.000,00 | 6.535,00 |
| 40401 | Превозно-транспортни услуги | 20.000,00 | 6.535,00 |
| 405 | ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦ | 90.000,00 | 26.898,00 |
| 40500 | Издатоци за репрезентација | 40.000,00 | 26.898,00 |
| 40501 | Издатоци за реклама, пропаганда | 50.000,00 | 0,00 |
| 409 | ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ | 40.000,00 | 0,00 |
| 40900 | Службени легитимации и визит карти | 15.000,00 | 0,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 40902 | Други материјални расходи | 25.000,00 | 0,00 |
| 410 | ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 30.000,00 | 17.414,00 |
| 41000 | Провизија за платен промет | 20.000,00 | 16.064,00 |
| 41001 | Провизија за откуп на девизи | 10.000,00 | 1.350,00 |
| 412 | ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 30.000,00 | 0,00 |
| 413 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТР-ЦИ | 600.000.00 | 586.237,00 |
| 414 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ | 50.000,00 | 48.922,00 |
| 415 | НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ | 10.000,00 | 526,00 |
| 417 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ | 2.614.000,00 | 741.808,00 |
| 41703 | Обуки за стручно усовршување,семинари, конференции | 100.000,00 | 0,00 |
| 41705 | Надоместоци и трошоци на членови на Управен одбор | 774,000,00 | 526.720,00 |
| 41706 | Услуги за истражување на пазарот | 800.000,00 | 109.201,00 |
| 41708 | Консултантски услуги-изработка на студии | 600.000,00 | 0,00 |
| 41709 | Ревизија на финансиските извештаи-надворешна ревизија | 100.000,00 | 72.570,00 |
| 41710 | Други услуги-хостинг за интернет страна | 10.000,00 | 8.000,00 |
| 41711 | Здравствени услуги | 30.000,00 | 5.996,00 |
| 41790 | Други услуги | 200.000,00 | 19.321,00 |
| 418 | ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ | 130.000,00 | 17.854,00 |
| 41801 | Други оперативни расходи | 20.000,00 | 1.330,00 |
| 41802 | Данок на добивка (данок на непринаени расходи) | 70.000,00 | 14.687,00 |
| 41804 | Други расходи-огласи | 30.000,00 | 1.846,00 |
| 41805 | Судски и нотарски такси | 10.000,00 | 0,00 |
| 440 | СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 300.000,00 | 0,00 |
| 4401 | Опремување на деловниот објект со прозори | 300.000,00 | 0,00 |
| 441 | СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА | 690.000,00 | 327.482,00 |
| 44101 | Средства за канцелариски мебел | 180.000,00 | 176.979,00 |
| 44106 | Компјутерска опрема (хардвер и софтвер) | 280.000,00 | 0,00 |
| 44107 | Канцелариска опрема | 60.000,00 | 43.790,00 |
| 44108 | Средства за друга опрема | 170.000,00 | 106.713,00 |
| 460 | ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ | 3.500.000,00 | 2.801.156,00 |
| 46001 | Нето плати | 2.300.000,00 | 1.872.679,00 |
| 46002 | Придонеси од плати | 1.200.000,00 | 928.477,00 |
| 470 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 140.000,00 | 61.216,00 |
| 47001 | Персонален данок | 40.000,00 | 0,00 |
| 47002 | Персонален данок – надоместоци на Управен одбор | 100.000,00 | 61.216,00 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 9.704.000,00 | 5.245.790,00 |
| 815 | Остварен нето вишок - Средства за пренос во наредната година | | 1.554.411,00 |
| | ВКУПНО | | 6.800.201,00 |